ЗАЕДНО ЗА КЛИМАТСКА АКЦИЈА

ЕКО СВЕСТ

**Инфо билтен – лето 2024**



© Кристијан Талевски, август 2024

**#ЗаедноЗаКлиматскаАкција**

Околу 20 организации, членки на Коалицијата за клима и други организации го поддржаа барањето до Претседателката Гордана Силјановска-Давкова со кое се бара Указот за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање да се врати во Собранието, каде истиот беше усвоен по скратена постапка.

Која е поврзаноста помеѓу топлотните бранови и бурите со силен ветар и зачестени електрични празнења со климатските промени? Дали можеме нешто да направиме за да ги ублажиме нивните последици и подготвени ли сме за промените во климата кои следуваат? Погледнете во нашето гостување во Здраво Македонијо.

Директоратот за клима на Европската Комисија размислува за воведување на систем за тргување со емисии во земјоделскиот сектор. Погледнете

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

МЗМП

CNVP Building a Greener Economic Environment

првична студија на оваа тема и прочитајте за можното влијание кое овие нови политики може да го имаат и на овој сектор.

Обновената страница за Коалицијата за клима само во текот на еден од летните месеци достигна повеќе од 10.000 посети. Ако летово не сте ја посетиле, скок на www.klimatskaakcija.mk

**Енергија**

Сонцето грее подеднакво за сите. Но дали законодавството во Македонија е јасно, презицно и дали навистина го олеснува поставувањето и користењето на сончеви колектори на домовите, од аспект на потрошувачите-производители? Прочитајте во нашата анализа.

Анкета: доколку сте организација која работи во Битола и пелагонискиот регион, молиме да го пополните овој прашалник за праведна транзиција. И слободно споделете го линкот со други организации.

Слична анкета и за граѓани, особено оние кои живеат и работат во Битола и пелагонискиот регион, поврзана со праведната транзиција на регионот. Само 10 минути за одговори кои многу ќе значат.

Споделуваме серијал во кој зборуваме на теми поврзани со климатските промени и енергетската транзиција. Покриваме различни аспекти кои се важни за подобро разбирање и справување со климатските промени, од тоа што се фосилни горива и обновливи извори на енергија, преку енергетска транзиција до паметно енергетско планирање и финансирање. Скок до сите 5 кратки видеа.

**Води**

Идентификацијата на непотребните речни бариери на Крива Река и Пчиња и нивното отстранување ќе ослободат 77 километри речен тек со што ќе ја подобрат еколошката состојба на реката и безбедноста на локалните заедници

На тукушто завршениот Фестивал за европски авторски анимиран филм Флипбук, Еко-свест додели награда за најдобар анимиран филм со силна еколошка порака. Дознајте повеќе и погледнете го трејлерот.

Еко-свест одржа серија консултативни средби и работилници со претставници на институции, јавни претпријатија, локални самоуправи,

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

здруженија и локални заедници кои делуваат во рамки на НП Шар Планина и во НП Маврово.

Во рамки на едукативната програмата  за деца на Еко свест на 11 и 12 јуни 2024 година беа одржани работилници во Национален парк Маврово и во Демир Капија.

**Заштита на природа**

Со решение во Службен весник број 128 од 17 јуни 2024 година за природна реткост се прогласува уникатната тектонска појава на локалитетот Дувало Косел во атарот на с. Косел, Општина Охрид.

Според Црвената листа на IUCN, волкот во Македонија е со статус "близу засегнат". Да, и на волците им треба заштита. Од кого? И дали „homo homini lupus est" сѐ уште важи?

Европски пакт за иднината – нов зелен и социјален договор за одговорна и одржлива економија во Европа. Поддржете ја оваа иницијатива!

**Еко-свест Вевчани**

Еко-свест Вевчани беше домаќин на над 130 учесници на планинската вело тура Вевчанска Голина - локва. Велосипедисти од целата држава, се запознаа и уживаа во убавините на Вевчани, Споменикот на природа Вевчански Извори и планината Јабланица.

За сите наставници, воспитувачи, ученици, родители, љубители на интеракција со природата, преземете ги најновите публикации со активности за деца и млади. За деца од градинка, за ученици во одделенска настава и за ученици во предметна настава.

**Публикации**

Споменик на природа Вевчански извори – Природата во очите на децата (ПДФ)

Споменик на природа Вевчански извори – Игралиште за млади истражувачи (ПДФ)

Споменик на природа Вевчански извори – Експериментално поле за млади научници (ПДФ)

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Медиуми**

Штетите од пожарите милионски, последиците врз здравјето, природата и иднината непроценливи.

Пожарите уништија живеалиште на ретко растение кое расте само на Малешевијата.

Македонија трпи неверојатни загуби на вода, кои во некои региони достигнуваат и до 73 отсто, покажуваат податоците на Регулаторната комисија за енергетика. Институцијата бара целосна надлежност за заштита на водниот сектор како еден од најранливите на последиците од климатските промени.

Јуни прогласен за најтопол месец во историјата, а експертите за наредните години најавуваат почести, подолги и пожешки топлотни бранови.

Се исчисти и четвртиот дел од малата депонија со линдан во ОХИС, останува уште еден.

**Разно**

Поради недостаток на зеленило, луѓето во урбаните средини, дури и во летните месеци, се соочуваат со сериозни респираторни и пулмолошки заболувања, од кои не може да се ослободат со месеци. Прочитајте како урбаното зеленило може да го подобри квалитетот на живот на сите граѓани.

Дали потребата од чиста енергија и потрагата по критични минерали може да бидат на иста страна на равенката со многу непознати? Прочитајте го ова размислување во Scientific American.

Какви проблеми кријат и како се поправат користени електрични возила? Видео на емисијата САТ.

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.